**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

# ПРАВИЛНИК
**за методологија за водење и ажурирање на Избирачкиот список заснована на проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, неограничени теренски проверки и други соодветни признати методи на проверка**

**Скопје**
**Февруари 2016 година**

Согласно член 31 став 2 точка 28-е и 29, член 41 став 2 и член 42 од Изборниот законик (Сл. Весник на Република Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/2011, 51/11,54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15), а по претходно добиена согласност на четирите најголеми политички партии во Собранието на Република Македонија Државната изборна комисија на седницата одржана на ___________ година, усвои

**ПРАВИЛНИК**
**за методологија за водење и ажурирање на Избирачкиот список заснована на проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, неограничени теренски проверки и други соодветни признати методи на проверка**

## ВОВЕД

**Член 1**

**(1)**Со овој Правилник се уредува начинот на водење и ажурирање на Избирачкиот список врз основа на проверки на податоците за граѓаните содржани во истиот, статистички анализи, како и вкрстени проверки на податоците на граѓаните наведени во Избирачкиот список со податоците во базите на податоци и евиденции на државните органи што располагаат со регистри на граѓани по разни основи.

## ЦЕЛ НА ПРОВЕРКИТЕ, АНАЛИЗИТЕ И ВКРСТЕНИТЕ ПРОВЕРКИ

**Член 2**

**(1)** Проверката на податоците, теренските проверки, други соодветни признати методи на проверка, статистичките анализи, како и вкрстените проверки на податоците на граѓаните во Избирачкиот список со податоците во базите и евиденциите на други државни органи се прави заради процена на моменталната состојба на Избирачкиот список, односно за утврдување дали и во која мерка Избирачкиот список ја остварува својата цел да биде јавна исправа во која се внесени податоците за сите граѓани со право на глас и локациите каде го остваруваат правото на глас согласно одредбите од Изборниот законик.

**(2)** Податоците добиени од спроведените проверки од став 1 ќе се користат за ажурирање на избирачкиот список по службена должност.

**Член 3**

**(1)** Главни цели кои треба да се постигнат со наведените проверки, статистички анализи и вкрстени проверки на податоците во Избирачкиот список се :

- Дефинирање на степенот на точноста и процентот и видот на евентуалните грешки во содржината на податоците во Избирачкиот список,
- Идентификување на природата и причините на евентуалните грешки,
- Ажурирање на избирачкиот список по службена должност и
- Јакнење на довербата кај сите релевантни субјекти во квалитетот на Избирачкиот список.

## ПРЕДМЕТ НА ПРОВЕРКИ И ВКРСТЕНИТЕ ПРОВЕРКИ

**Член 4**

**(1)** Предмет на проверка се податоците добиени од Министерството за внатрешни работи, согласно член 43 став 3 од Изборниот законик, со податоците во базите на државните органи кои располагаат со регистри на граѓани по различни основи.

**(2)** Овој временски пресек се нарекува ,,критичен момент на проверката,,.

## СТАТИСТИЧКИ АНАЛИЗИ

**Член 5**

**(1)** Статистичката анализа подразбира анализа/споредување на статистички податоци од повеќе последователни организационо-технички и методолошки обработени Избирачки списоци заради следење на порастот или намалување на гласачи на државно, на ниво на изборни единици, општинско и на ниво на гласачки места, како и за евентуално утврдување на причините за истото.

**(2)** Овие анализи служат и за утврдување на одредени аномалии во податоците на Избирачкиот список во случаи на евентуален надпросечен пораст или намалување на бројот на гласачите на одредено избирачко место или општина.

### 1. ПРОВЕРКА И ВКРСТЕНИ ПРОВЕРКИ

**Член 6**

**(1)** Проверката и вкрстените проверки со бази на податоци од други државни институции се спроведува на податоците кои Министерството за внатрешни работи ги доставува до Државната изборна комисија 4 пати годишно или за време на распишани избори.

**(2)** Проверката и вкрстените проверки се спроведуваат електронски, со состојба на податоците на граѓаните во критичниот момент.

**(3)** Проверката и вкрстените проверки се спроведува електронски од страна на Државната изборна комисија пред да започне со организационо-техничка и методолошка обработка на податоците.

### 1.1. Проверка на податоците

**Член 7**

**(1)** Проверката на податоците за граѓаните доставени од страна на Министерството за внатрешни работи подразбира :

- проверка на податоците на сите новозапишани избирачи во Избирачкиот список, врз основа на извештајот за новоиздадени лични карти и патни исправи и основот за нивното издавање, систематизирани по име и презиме и општини, кој

Министерството за внатрешни работи го доставува до Државната изборна комисија согласно член 43 став 4 од Изборниот законик

- проверка на евентуално постоење на дупли или повеќекратни записи за едно лице во Избирачкиот список преку повторена употреба на ЕМБГ,
- проверка за евентуално постоење на записи за лица под 18 години старост кои поседуваат важечка лична карта или патна исправа и
- други проверки за постоење на лица кои не ги исполнуваат условите да бидат запишани во Избирачкиот список.

**(2)** Доколку при проверката се констатираат одредени спорни записи, податоците за тие лица ќе бидат предмет на индивидуални дополнителни појаснувања и проверки :

- со Министерството за внатрешни работи кое ги доставило наведените податоци,
- преку контакт со лицата чии записи се сомнителни и
- по потреба со проверка на терен.

### 1.2. Вкрстени проверки на податоците

**Член 8**

**(1)** Под вкрстени проверки се подразбира споредување на податоците за граѓаните добиени од страна на Министерството за внатрешни работи со податоците за граѓаните од државните институции кои што располагаат со бази/регистри на граѓани по различни основи.

**(2)** Државната изборна коисија, заради вкрстена проверка побарува од надлежните институции, пристап до базите на податоци за полнолетните граѓани со наведување на критичниот момент на податоците како оние добиени од страна на Министерството за внатрешни работи.

**(3)** Вкрстената проверка на податоците за граѓаните подразбира :

- Проверка дали податоците за лицата добиени од страна на Министерството за внатрешни работи, кои согласно Изборниот законик, се основа за организационо-техничка и методолошка обработка на Избирачкиот список, се евидентирани во базите на податоци на надлежните институции.

**Член 9**

**(1)** Доколку при вкрстената проверка се констатираат одредени сомнителни записи, податоците за тие лица ќе бидат предмет на дополнителни појаснувања и проверки :

- со Министерството за внатрешни работи кое ги доставило наведените податоци,
- државните институции кои што располагаат со бази/регистри на граѓани по различни основи,
- преку контакт со лицата чии записи се сомнителни и
- по пореба со проверка на терен.

**Член 10**

**(1)** По направените проверки и вкрстени проверки, Државната изборна комисија спроведува организационо-техничка и методолошка обработка на податоците добиени од страна на Министерството за внатрешни работи.

## 2. АНАЛИЗИ

**Член 11**

**(1)** Анализите се спроведуваат врз основа на статистички податоци на граѓаните од повеќе последователни организационо-технички и методолошки обработени Избирачки списоци.

**(2)** Анализите ги спроведува Државната изборна комисија.

**(3)** Анализите се спроведуваат 4 пати годишно после секое редовно ажурирање на Избирачкиот список, а по потреба и почесто.

**Член 12**

**(1)** Анализа врз основа на вкрстување на повеќе последователни методолошко- технички обработени Избирачки списоци, со споредба на податоците кои се содржани во Избирачкиот список согласно Член 45 став 1 од Изборниот законик.

## 3. ТЕРЕНСКА ПРОВЕРКА ЗАРАДИ АЖУРИРАЊЕ НА ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК

### ШТО Е ТЕРЕНСКА ПРОВЕРКА НА ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК

**Член 13**

**(1)** Теренската проверката на Избирачкиот список претставува систематска активност или збир на активности на непосредно прибирање, обработка и анализирање на податоци за државјани на Република Македонија со право на глас добиени врз основа на непосреден увид во нивните идентификациони документи и нивно споредување со податоците запишани во Избирачкиот список. Проверката нема за цел да цени и утврдува дали идентификационите документи на гласачите се издадени согласно позитивните законски прописи на Република Македонија и дали податоците во истите се точни.

## ПРЕДМЕТ НА ТЕРЕНСКА ПРОВЕРКА

**Член 14**

**(1)** Предмет на теренската проверка се само оние записи кои ќе останат спорни по претходно спроведените проверки, статистички анализи, вкрстени проверки, како и по дополнително извршените проверки на податоците за граѓаните наведени во базите/регистри на државните органи кои располагаат со регистри на граѓани по разни основи.

**Член 15**

**(1)**Податоците за граѓаните добиени при спроведената теренска проверка се користат за утврдување на моменталната состојба на Избирачкиот список, односно за утврдување дали и во која мерка Избирачкиот список ја остварува својата цел да биде јавна исправа во која се внесени податоците за сите граѓани со право на глас и локациите каде го остваруваат правото на глас согласно одредбите од Изборниот законик.

## ЦЕЛИ, ОСНОВНИ НАЧЕЛА И ТЕХНИКИ НА ПРОВЕРКАТА

**Член 16**

**(1)Цели на теренската проверката:**
Главни цели кои треба да се постигнат со теренската проверката се:

- Дефинирање на степенот на точноста и процентот и видот на евентуалните грешки во содржината на податоците во Избирачкиот список,
- Идентификување на природата и причините на евентуалните грешки
- Ажурирање на избирачкиот список и
- Јакнење на довербата кај сите релевантни субјекти во квалитетот на Избирачкиот список.

**Член 17**

**(1)Основни начела :**

- **Индивидуално анкетирање,** подразбира индивидуален пристап при анкетирањето и пополнувањето на прашалниците на принцип ,,едно лице – еден прашалник,, односно сите граѓани кои се предмет на анкетирање во зависност од избраната општина и избирачко место, индивидуално се анкетираат и за сите нив се пополнуваат индивидуални прашалници,
- **Универзалност,** подразбира употреба на исти техники, исти прашалници и подеднаков пристап на спроведување на проверката во сите претходно определени општини и избирачки места,
- **Истовременост,** подразбира спроведување на проверката во сите општини и избирачки места во ист точно дефиниран период, а податоците на граѓаните добиени при проверката се однесуваат на ист дефиниран критичен момент, односно се споредуват со податоците на граѓаните добиени од страна на Министерството за внатрешни работи, согласно член 43 став 3,
- **Заштита на податоците,** подразбира законска обврска на сите учесници во постапката да ја чува тајноста на податоците во согласност со Законот.

**Член 18**

**1. Метод за теренска проверка**

**(1)** Теренската проверка ќе се врши преку директен контакт и увид во идентификационите документи на претходно утврдените спорни записи на однапред определени лица во одредени општини и избирачки места чии податоци се евидентирани во податоците доставени од страна на Министерството за внатрешни работи согласно член 43 став 3 од Изборниот законик.

**(2)** Проверката се спроведува со однапред подготвени прашалници во кои се веќе внесени податоците за лицата кои се предмет на проверка.

**АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТЕРЕНСКАТА ПРОВЕРКАТА**

**Член 19**

**(1)** Активности за спроведување на теренската проверката се: медиумска кампања, подготовка, работа на терен и обработка/споредба на податоците добиени од контактот со гласачите со податоците запишани во соодветниот прашалник:

- медиумска кампања опфаќа запознавање на граѓаните за спроведување на теренската проверка на нивното подрачје преку средствата за јавно информирање,
- подготовката опфаќа печатење на прашалници на принцип „ едно лице - еден прашалник", назначување на набљудувачи од страна на политичките партии и обуката на лицата вклучени во проверката – анкетари,набљудувачи, контролори и обработувачи на податоците),
- работа на терен во идентификуваните општини и избирачки места и
- обработката/споредувањето на добиените податоци.

**НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОВЕРКАТА И ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ**

**Член 20**

**(1)** Прибирањето на податоците на терен го вршат овластени анкетари (вработените во подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија) по пат на интервју со запишување на податоците на граѓаните во однапред отпечатени обрасци (прашалници).
**(2)** За секое избирачко место се назначуваат по еден или повеќе анкетари во зависност од бројот на лицата чии податоци треба да се проверат.
**(3)** За прибирање на податоците ќе се користи прашалник кој е составен дел на овој правилник.

## ЈАЗИК НА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

**Член 21**

**(1)**Анкетарот е должен да ги информира лицата кои ги интервјуира дека имаат право на слободно избирање на кој јазик ќе се спроведува интервјуто и запишувањето на податоците во прашалникот – на службениот македонски јазик и неговото кирилско писмо или на друг јазик кој е во службена употреба и што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во избраната општината и негово писмо.

**(2)** При пополнувањето на прашалникот за лицата кои избрале интервјуто да се води на еден од јазиците на заедниците, за прашањата на кои одговорот се запишува во текст, анкетарот е должен прво да го внесе податокот на јазикот и писмото што го избрало лицето а веднаш потоа и на службениот македонски јазик и неговото кирилско писмо.

## УЧЕСНИЦИ ВО ПОДГОТОВКА, ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТЕРЕНСКАТА ПРОВЕРКА

**Член 22**

**(1)**Учесници на теренската проверка се Државната изборна комисија, Раководителите на подрачните одделенија и вработените во канцелариите.

**(2)**Државната изборна комисија, Раководителите на подрачните одделенија ги назначува за КОНТРОЛОРИ, а од редот на вработените во подрачните одделенија/канцеларии назначува АНКЕТАРИ.

## ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ НА ПРОВЕРКАТА НА ТЕРЕН

**Член 23**

**(1)**КОНТРОЛОРИТЕ на теренската проверка:
- Даваат мислење за избор на анкетари од редот на вработените во подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија.
- Предлагаат распоред на анкетарите за теренската проверка,
- Го преземаат и ги распоредуваат прашалниците за анкетарите,
- Ја координираат работата на анкетарите на терен,
- Учествуваат во информирањето на граѓаните за спроведувањето на проверката и за целта на проверката,
- Ја следат динамиката на теренската проверка и преземаат мерки за нејзино навремено завршување,
- Се грижат за правилна примена на методолошките и организациски упатства за проверката,
- Го преземаат и го контролираат пополнетите прашалници од анкетарите,
- Контролираните прашалниците сукцесивно ги испраќаат до Државната изборна комисија

**(2)** АНКЕТАРИТЕ:

- Вршат непосредно анкетирање на граѓаните на терен согласно распоредот даден од страна на контролорите и при тоа се обврзани да ги пополнуваат прашалниците со кои се задолжени од страна на контролорот согласно напомените во прашалниците.
- Пополнетите прашалници сукцесивно да ги доставуваат до контролорите.

## ПРИНЦИПИ НА ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 24**

**(1)**Организацијата се спроведува врз основа на следните принципи:

- При теренската проверка се користат единствени пропишани нумерирани прашалници,
- Теренската проверка се врши со непосредно интервјуирање на граѓаните од страна на анкетарите,
- Анкетарите работат врз основа на писмено овластување издадено од страна на Државната изборна комисија во кое право на увид има секое лице кое се интервјуира,
- Пополнувањето на дел од прашањата во прашалниците се врши врз основа на соодветни документи (лична карта или пасош),
- По спроведување на теренската проверка контролорите спроведуваат истражување за контрола на степенот на опфат и квалитетот на собраните податоци,
- Сите пополнети обрасци се доверливи документи и претставуваат службена тајна,
- Податоците добиени при теренската проверка се обработуваат од страна на Државната изборна комисија.

## ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПРОВЕРКАТА

**Член 25**

**(1)** Личните податоци што ќе се приберат со теренската проверка подлежат на заштита која ќе биде обезбедена во сите фази на проверката, а во согласност со одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

**(2)** Обврските за заштита на личните податоци се однесуваат на сите лица кои по кој било основ учествуваат во проверката.

## Обврски на учесниците во проверката во однос на заштитата на личните податоци од теренската проверка

**Член 26**

**(1)** Да ги проучат и почитуваат обврските во однос на заштитата на личните податоци од проверката утврдени во Законот за заштита на лични податоци,

**(2)** Анкетарите пред отпочнувањето со интервјуто да го презентираат Овластувањето издадено од страна на претседателот на Државната изборна комисија заедно со својата лична карта и секое лице да го информира дека:

- личните податоци кои ќе се приберат со интервјуто претставуваат се заштитени со закон и ќе се користат единствено за целите на проверката,
- забрането е копирање или било какво друго умножување на пополнетите прашалници.

**НАБЉУДУВАЧИ**

**Член 27**

**(1)** Заради обезбедување на политичка доверба, во постапката на подготовката, организирањето и спроведувањето на теренската проверка, како и во постапката на обработка на податоците и објавувањето на резултатите може да вршат набљудување претставници на четирите најголеми политичките партии во Собранието.

**(2)** За таа цел четирите најголеми политичките партии во Собранието, номинираат свои претставници на принцип на кој номинираат свои членови во работата на избирачките одбори, односно работата на секој контролор и анкетар да ја следат најмногу двајца претставници од кои еден на предог на политичките партиии во опозиција и еден на предлог на политичките партии на позиција.

**НАЧИН НА ОБРАЌАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА АНКЕТАРОТ ПРИ ИНТЕРВЈУИРАЊЕТО**

**Член 28**

**(1)** По доаѓањето на анкетарот во домаќинството потребно е :

- Да се претстави и идентификува, покажувајќи го овластувањето заедно со својата лична карта,
- Да ја објасни целта на својата посета,
- Да ги информира лицата кои ќе ги интервјуира за доверливоста на податоците добиени при интервјуто. Анкетарот треба да ги информира лицата кои ќе ги интервјуира дека личните податоци кои ќе се приберат со интервјуто претставуваат дека се заштитени со закон и дека ќе се користат единствено за остварување на целта на теренската проверка.
- Доколку лицето одбие да ги даде бараните податоци, анкетарот треба да му укаже на граѓанинот дека проверката ќе ја спроведе органот кој ја издал личната карта.

**ЛИЦА КОИ ТРЕБА ДА ДАВААТ ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊАТА ПРИ ИНТЕРВЈУИРАЊЕТО**

**Член 29**

**(1)** Одговори на прашањата од прашалниците анкетарот треба да ги бара единствено и лично од лицата чии податоци се предмет на теренска проверка.

**(2)** Доколку овие лица се отсутни, анкетарот е должен по претходно прибавени информации од членови на неговото семејство или соседи за времето кога ќе бидат присутни, да го најави неговото повторно доаѓање.

**(3)** Ако во некој стан кој се користи за живеење, анкетарот не најде никого или затекне лице кое не е во состојба да биде интервјуирано, анкетарот ќе пополни и ќе остави известување за неговото повторно доаѓање. Во исвестувањето треба да ги информира лицата од тој стан дека дошол заради спроведување на интервју заради проверка на податоците во Избирачкиот список и да го наведе денот и часот кога повторно ќе дојде заради интервјуирање.

## НАЧИН НА СРЕДУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ОД СПРОВЕДЕНИТЕ ИНТЕРВЈУА ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА КОНТРОЛОРИТЕ

### Член 30

**(1)** По завршувањето на интервјуата, анкетарот е должен да го врати целокупниот задолжен материјал на контролорот во претходно утврден термин, систематизиран во посебни папки по следниот распоред :

- Овластувањето за анкетар,
- Овластувањата за лицата кои го набљудувале спроведувањето на интервуата,
- Успешно пополнетите прашалници,
- Грешно пополнети (неважечки) прашалници со кои бил задолжен анкетарот,
- Неискористени (непополнети) прашалници со кои бил задолжен анкетарот.

**(2)** Целокупниот материјал кој се раздолжува треба да содржи онолку обрасци на прашалници (успешно пополнети, неважечки и неискористени) колку што анкетарот задолжил.

**(3)** Доколку анкетарот не врати онолку прашалници колку што задолжил, треба да достави писмено образложение за причините за појава на тој кусок.

## ПРИЕМ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ОД СПРОВЕДЕНИТЕ ИНТЕРВЈУА ОД СТРАНА НА КОНТРОЛОРИТЕ

### Член 31

**(1)** По средувањето на материјалите од спроведените интервјуа (според претходно наведениот распоред), анкетарот го предава истиот на контролорот.

**(2)** По приемот на материјалот, контролорот проверува:

- дали целокупниот материјал е предаден,
- квалитетот на пополнетите прашалници (дали се пополнети читко и со печатни букви, дали податоците се земени од лични документи издадени,
- ги пополнува местата во прашалниците каде е тој наведен како лице кое треба да пополни податоци,
- внесува дата на спроведена контрола и ги потпишува прашалниците,

- пополнува ,,Преглед на задолжен, вратен и исконтролиран материјал,, истиот го потпишува (се потпишуваат и евентуалните определени набљудувачи од политичките партии), и
- заедно со овластувањето за контролор и овластувањата за набљудување при контрола на материјалите, го препраќа до Државната изборна комисија за обработка.

**ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ДОБИЕНИ ОД ТЕРЕНСКАТА ПРОВЕРКА**

**Член 32**

**(1)** Обработка на податоците добиени од теренската проверка ги обработува Државната изборна комисија.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Александар Чичаковски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА * СКОПЈЕ *

**Бр.** 01-301/1

02.02. **2016 година**